ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"п.о.
ПЕХЧЕВО
Архивски знак: 0103
Рок на чување трајно
20 година
Потпис,
Примено 28.11.2018
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 01 | 518/1 | | |

28.11.2018
РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УП1 Бр. 08-105/18
21.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ" бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ" бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ" бр.63/17 и 172/18) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.08.2017 година, а постапувајќи по Барањето за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2019 – 2021 година, на ЈКП „Комуналец" Пехчево, бр.10-408/1 од 17.09.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија под УП1 бр.08-105/18 од 20.09.2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 21.11.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец" Пехчево за регулиран период 2019-2021 година**

1. На ЈКП „Комуналец" Пехчево се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2019 година во износ од 37,25 ден/m³;
   - за 2020 година во износ од 38,27 ден/m³;
   - за 2021 година во износ од 39,85 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 1,72%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 2,24%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2021 година изнесува 4,02%.

3. Се утврдува минималната и максималната просечна тарифа согласно минималниот и максималниот опсег од точка 2 на ова Решение:
   - за 2019 година:
     - минимална просечна тарифа 36,61 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 37,89 ден/m³;
   - за 2020 година:
     - минимална просечна тарифа 37,41 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 39,13 ден/m³;
   - за 2021 година:
     - минимална просечна тарифа 38,25 ден/m³;
     - максимална просечна тарифа 41,45 ден/m³.

4. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

5. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување важи за регулиран период 2019-2021 година.

6. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2019 година.

## Образложение

ЈКП „Комуналец" Пехчево, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2019-2021 година, бр.10-408/1 од 17.09.2018, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08-105/18 од 20.09.2018 година (во натамошниот текст: Барање).

Кон Барањето, а во согласност со Методологијата, ЈКП „Комуналец" Пехчево ја достави следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Пропратно писмо со образложение;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и податоците;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Податоци и извештаи од Бизнис план кои се задолжителни за утврдување на тарифите за водните услуги;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели;
7. Решение за упис во Централен регистар на Република Македонија со сите промени и Статут на давателот на водни услуги;
8. Финансиски извештаи и бруто биланси за три претходни години, со сите прилози во согласност со важечката законска регулатива во Република Македонија.

**Доставени податоци**

ЈКП „Комуналец" Пехчево во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за базната 2017 година:

| Опис | 2017 |
|---|---|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 979.629 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 42.127 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 27.726 |
| Бруто плати | 6.215.152 |
| Други услуги | 439.411 |
| Останати и вонредни трошоци | 429.465 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 0 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | 8.133.511 |
| **Остварена просечна пондерирана тарифа** | **31,54** |

- Податоци за регулираниот период :

| Опис | Ед.мерка | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 7.687.739 | 7.905.597 | 8.147.448 |
| Амортизација | денари | 403.247 | 490.297 | 812.342 |
| Средства за ликвидност | денари | 43.156 | 44.557 | 47.258 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 3.703.580 | 4.150.000 | 120.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 540.199 | 515.427 | 491.840 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 8.674.341 | 8.955.878 | 9.498.888 |
| **Количина** | $m^3$ | 227.928 | 226.350 | 224.713 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 37,33 | 38,63 | 40,59 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 36,61 | 37,69 | 38,91 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 38,06 | 39,57 | 42,27 |

Регулаторната комисија за енергетика на 9.10.2018 година го објави Барањето на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и во дневните весници „Нова Македонија“ и Лајм“.

По објавеното Барање, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени забелешки, мислења и предлози од заинтересираните правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-2128/1 од 05.11.2018 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Комуналец“ Пехчево за регулиран период 2019 – 2021 година.

На 12.11.2018 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЈКП „Комуналец“ Пехчево, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Пехчево, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на

Македонија, Советот за заштита на потрошувачите, како и претставници од Здружение на граѓани - Центар за Еколошка Демократија „Флорозон“ Скопје.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика, присуствуваа претставници на ЈКП „Комуналец“ Пехчево, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Градоначалникот на општина Пехчево и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

При анализа на доставените податоци во Барањето за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2019-2021 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

| Опис | Ед.мерка | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 7.687.739 | 7.841.494 | 7.998.324 |
| Амортизација | денари | 403.247 | 490.297 | 812.342 |
| Средства за ликвидност | денари | 42.971 | 44.060 | 46.344 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 3.703.580 | 4.150.000 | 120.000 |
| Принос на регулирани средства | денари | 503.191 | 480.117 | 458.145 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 0 | 0 | 0 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 8.637.149 | 8.855.968 | 9.315.155 |
| **Количина** | $m^3$ | 227.928 | 226.350 | 224.713 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 37,25 | 38,27 | 39,85 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 36,61 | 37,41 | 38,25 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 37,89 | 39,13 | 41,45 |

По извршената анализа на трошоците од базната 2017 година и податоците од Бизнис планот, оперативните трошоци за 2019 година се прифатени согласно Барањето, додека за останатите 2 години од регулираниот период се зголемени за предвидената стапка на инфлација од 2% во однос на претходната календарска година. Оперативните трошоци за регулираниот период 2019 – 2021 година утврдено е да изнесуваат:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2019 година изнесуваат 1.003.973 денари, за 2020 година 1.024.053 денари и за 2021 година 1.044.534 денари;
2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства за 2019 година изнесуваат 26.761 денари, за 2020 година 27.296 денари и за 2021 година 27.842 денари;
3. Трошоците за осигурување на основните средства изнесуваат 28.592 денари за 2019 година, 29.164 денари за 2020 година и 29.747 денари за 2021 година;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 5.876.571 денари за 2019 година, 5.994.103 денари за 2020 година и 6.113.985 денари за 2021 година;
5. Другите услуги изнесуваат 339.213 денари за 2019 година, 345.997 денари за 2020 година и 352.917 денари за 2021 година;
6. Останатите и вонредните трошоци изнесуваат 412.628 денари за 2019 година, 420.881 денари за 2020 година и 429.299 денари за 2021 година;

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 403.247 денари за 2019 година, 383.960 денари за 2020 година и 365.637 денари за 2021 година.

Амортизацијата на бесплатно добиените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 106.338 денари за 2020 година и 446.705 денари за 2021 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,50% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 42.971 денари за 2019 година, 44.060 денари за 2020 година и 46.344 денари за 2021 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2019 година изнесува 503.191 денари, за 2020 година 480.117 денари и за 2021 година 458.145 денари. При пресметката на приносот земени се во предвид новонабавени средства и пуштени во употреба во текот на година и тоа за 2019 година во износ од 3.703.580 денари, за 2020 во износ од 4.150.000 денари и за 2021 година во износ од 120.000 денари.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 37,25 ден/m$^3$ за 2019 година, 38,27 ден/m$^3$ за 2020 година и 39,85 ден/m$^3$ за 2021 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈКП „Комуналец“ Пехчево ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 1,72% за 2019 година, 2,24% за 2020 година и 4,02% за 2021 година.

ЈКП „Комуналец“ Пехчево при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства и амортизацијата на бесплатно добиените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика го задолжува ЈКП „Комуналец“ Пехчево да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16).

**УП1 бр.08-105/18**
**21.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *